Врз основа на член 187 став (4) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 5.2.2019 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА ВКУПНАТА ИНСТАЛИРАНА МОЌНОСТ НА ПОВЛАСТЕНИТЕ ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

### Член 1

Со оваа одлука се пропишува вкупната инсталирана моќност на повластените производители на електрична енергија.

### Член 2

Вкупната инсталирана моќност на електроцентрали за која се доделуваат повластени тарифи за произведена и откупена електрична енергија изнесува:

1) 86 MW за ветерни електроцентрали,
2) 10 MW за термоелектроцентрали на биомаса, и
3) 20 MW за термоелектроцентрали на биогас, при што:

- 7 MW за термоелектроцентрали на биогас се доделуваат до 31 декември 2019 година, и
- 13 MW за термоелектроцентрали на биогас се доделуваат од 1 јануари 2020 година.

### Член 3

Вкупната инсталирана моќност на фотонапонските електроцентрали за која се доделуваат премии за произведена и продадена електрична енергија изнесува 200 MW.

### Член 4

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за вкупната инсталирана моќност на повластените производители на електрична енергија за кои се применуваат повластени тарифи („Службен весник на Република Македонија" бр. 111/18).

### Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**Бр. 45-     /1**
**5 февруари 2019 година**
**Скопје**

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**